Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МАТЕРИЈАЛНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА УЧЕСНИЦИТЕ ОД НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНАТА ВОЈНА**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за материјално обезбедување на учесниците во Народноослободителната војна,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 7 март 1996 година.

Број 08-906/1
7 март 1996 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија
**Киро Глигоров,** с. р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски,** с. р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МАТЕРИЈАЛНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА УЧЕСНИЦИТЕ ВО НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНАТА ВОЈНА**

Член 1

Во Законот за материјално обезбедување на учесниците во Народноослободителната војна ("Службен весник на Република Македонија" број 38/91), во членот 1, став 2 се менува и гласи:

"Брачниот другар и децата неспособни за работа на починат учесник во НОВ или НОДЕМ имаат право на материјално обезбедување ако биле издржувани од починатото лице и ако тоа лице додека било живо не остварило право на пензија по прописите за пензиското и инвалидското осигурување".

Член 2

Во членот 2 во ставот 1 зборовите: "не се корисници на" се заменуваат со зборовите: "не оствариле право на", а зборовите: "на работниците" се бришат.

Во ставот 2 зборовите: "републичките прописи" се заменуваат со зборовите: "другите прописи од боречко-инвалидската заштита".

Член 3

Во членот 3 во ставовите 1 и 2 зборовите: "личниот доход" се заменуваат со зборот "платата", а зборовите: "дејност со личен труд" се заменуваат со зборовите: „самостојна дејност".

Во ставот 2 зборот "исплатен" се заменува со зборот "исплатена".

Член 4

Во членот 5 зборовите: "Републичкиот буџет" се заменуваат со зборовите: "Буџетот на Републиката".

Член 5

Во членот 6 зборовите: "од 80 посто од" се заменуваат со зборот "на".

Член 6

Во членот 7, во став 3 зборот: "утврдува" се заменува со зборот: "утврдуваат", зборовите: "лекарската комисија" се заменуваат со зборовите: "лекарските комисии", точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: "надлежни за утврдување на воениот инвалидитет".

Член 7

Во членот 10 зборовите: "процентот на порастот" се заменуваат со зборот "висината".

Член 8

По членот 10 се додава нов член "член 10-а", кој гласи:

"Член 10-а

"Корисниците со полн и намален износ на материјално обезбедување имаат право на здравствена заштита во обем, под услови и на начин утврдени со прописите за здравствена заштита".

Член 9

Во членот 12 зборовите: "Комисијата на Владата на Република Македонија" се заменуваат со зборовите: "Министерство за труд и социјална политика".

Член 10

По членот 13 се додава нов член "13-а", кој гласи:

"Член 13-а

Корисниците на правата по овој закон се должни да ја пријават секоја промена во семејната и материјална состојба која има влијание врз користењето на правото и висината паричните примања во рок од 30 дена од настанувањето на промената.

Надлежниот орган по службена должнст, врз основа на пријава на корисникот или на друг начин покренува постапка и донесува решение за престанување на правото или за намалување, односно зголемување на месечното парично примање".

Член 11

По членот 14 се додава нов член "14-а", кој гласи:

"Член 14-а

Корисникот на кого му е извршена исплата на која немал право, должен е да го врати примениот износ:

- ако врз основа на неточни податоци за кои знаел или бил должен да знае дека се неточни или на друг противправен начин остварил право што не му припаѓа или му припаѓа во помал обем;

- ако користи парично примање поради тоа што не пријавил промени кои би повлекле губење на правото, односно намалување на паричното примање.

Побарувањата од став 1 на овој член застаруваат по истекот на рокот одреден со прописите за застареност на побарувањата. Тие рокови почнуваат да течат од денот кога во управната постапка станало конечно решението со кое е утврдено дека исплатеното примање не следувало или следувало во помал износ, односно од денот кога е извршена последната исплата на примањето од став 1 алинеи 1 и 2 на овој член.

Корисникот е должен да ја врати неправилно исплатената сума најмногу за последните три години, сметајќи од последната исплата на која немал право.

Доколку корисникот не изврши враќање на средствата, враќањето на неправилно примената сума ќе се оствари преку надлежниот суд".

Член 12

По членот 16 се додава нов член "16-а", кој гласи:

"Член 16-а

Корисниците на материјално обезбедување на кои правото на материјално обезбедување им престана од 1.08.1992 година, заради остварување пензија по прописите од пензиското и инвалидското осигурување, а кои оствариле право на надоместок за нега и помош од друго лице, според член 7 од Законот за материјално обезбедување на учесниците од НОВ ("Службен весник на Република Македонија" број 38/91), до 31.07.1992 година, продолжуваат да го користат правото на надоместокот за нега и помош од друго лице според одредбите на овој закон".

Член 13

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за материјално обезбедување на учесниците во Народноослободителната војна.

Член 14

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".